**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Објавува**

**Барање за изразување на интерес за позиција**
**“Специјалист за мониторинг и евалуација”**
**(реф.бр. MK/SIAP # 3.5)**

**Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП)**
**Кредит Бр: 9036 –МК**

**Консултантски услуги – Индивидуален консултант**

На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Групацијата на Светска банка за потребите за реализација на Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП). Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорот што ќе се склучи за ангажирање на Специјалист за мониторинг и евалуација.

Специјалист за мониторинг и евалуација ќе има за цел да даде поддршка на Проектната единица воспоставена во рамките на Министерството за труд и социјална политика, при имплементирање на Проектот за подобрување на социјалните услуги и Проектот за администрирање на социјалното осигурување.

Консултантот ќе биде ангажиран со полно работно време, од 08.30 до 16.30 часот од понеделник до петок .

Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството за труд и социјална политика: http://www.mtsp.gov.mk/siap-proekt-za-administriranje-na-socijalnoto-osiguruvanje.nspx

**Потребни квалификации:**

- Високо образование во областа на општествените науки, економија или бизнис администрација; вклучувајќи и терцијарни студии во областа на мониторинг и евалуација;
- Најмалку 3 години искуство во мониторинг и евалуација на програми;
- Искуството во работењето со меѓународните организации во областа на мониторинг и евалуација на програми, ќе се смета за предност;
- Одлична вербална и писмена комуникација на англиски и македонски јазик.

Методот за избор е “Избор на индивидуален консултант” согласно “Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 и 2018 година”, достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со ППСУ Проектот и СИАП Проектот, е-маил: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат бараните квалификации да доставаат документи со кои ја потврдуваат својата

квалификуваност (биографија на македонски и/или англиски јазик, препораки и слични документи).
Документите со кои се изразува интерес мора да бидат доставени најдоцна до **01.06.2020** до 12 часот година  електронски на маил адресата: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk